

ИНФОРМАТИВЕН БИЛТЕН — БРОЈ 3 – ЈУЛИ 2025

# Проектот МИРАНДА преминува во следна фаза!

## МИРАНДА - Ромска инклузија преку стручно образование

МИРАНДА Рома е иновативен тригодишен проект на Еразмус+ (септември 2023 – август 2026) кој има за цел да ја промовира социјалната вклученост преку стручна обука и да го подобри досегот до лицата со помалку можности. По завршувањето на испорака на проектот, како што се развојот на 2.1 база на податоци за ромските релевантни страни од сите земји што го спроведуваат проектот, како и 2.2 Методологија за ангажирање со ромската заедница и 2.3 Стратегија за информирање и вклучување на ромските ученици, конзорциумот го организираше Транснационалниот партнерски состано.

### ТРЕТА СРЕДБА НА ТРАНСНАЦИОНАЛНИТЕ ПАРТНЕРИ ВО БУГАРИЈА

На 5-ти и 6-ти јуни 2025 година, во Софија, Бугарија, се одржа третата средба на транснационалните партнери.



Сите партнери имаа можност повторно да се сретнат лично и да дискутираат за напредокот на проектот, како и да ги испланираат следните чекори во имплементацијата. Посебен фокус беше ставен на дискусијата за сите преостанати задачи во рамките на Работен пакет 3, кој се однесува на развојот на дизајнираниот интервентен механизам за спречување на напуштањето на образованието кај ромските

Co-funded by the European Union

facebook.com/miranda.eu.project
linkedin.com/company/miranda-eu-project
instagram.com/miranda.eu.project

info@symplexis.eu
www.symplexis.eu

symplexis

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them. Grant agreement number: 20231DE02-KA220-VET000164590

ученици, како и на планираните краткорочни „power up“ курсеви за унапредување на вештините на ромските ученици. Понатаму, беше дискутирано и за унапредувањето на вештините на едукаторите за возрасни и наставниците во стручното образование и обука (СОО) во областа на инклузијата, во рамките на претстојниот Работен пакет 4: развој на материјали за обука, нивните цели на учење, како и наставната програма што ќе се користи за обука на наставниците во СОО.

Состанокот беше успешен, а сите проектни партнери се согласија да продолжат со своите напори за успешна реализација на проектот и да дадат приоритет на зголемување на видливоста на проектот и максимизирање на неговата дисеминација. Ова вклучува проширување на активностите за информирање и вклучување, зајакнување на комуникациските канали, активно ангажирање на релевантните засегнати страни и целните групи, како и искористување на нивните индивидуални и институционални мрежи.

## Следни чекори

Партнерите на МИРАНДА се подготвуваат за следните чекори на проектот, кои ги вклучуваат следниве задачи:

- Развој и финализирање на 3.2 Интервентен механизам за спречување на напуштањето на образованието кај ромските ученици
- Развој на 3.3 Краткорочни „power up“ курсеви за унапредување на вештините на ромските ученици
- Идентификација на 4.1 Цели на учење и специфични компетенции што наставниот кадар во СОО треба да ги има за ефективно ангажирање со ромските ученици
- Развој на 4.2 Наставна програма за наставниот кадар во СОО која ги опфаќа темите, методите и техниките за евалуација со цел промовирање на инклузивност
- Развој на 4.3 Материјали за обука за наставниот кадар и наставниците во СОО

## Проектен конзорциум

Конзорциумот вклучува седум (7) партнери од пет (5) земји: Институт за инклузија на Ромите и малцинствата – Германија, AKMI International – Грција, BK CON – Германија, Symplexis – Грција, Австриско здружение за инклузивно општество – Австрија, Balkan Bridge – Бугарија.

Co-funded by the European Union

facebook.com/miranda.eu.project
linkedin.com/company/miranda-eu-project
instagram.com/miranda.eu.project

info@symplexis.eu
www.symplexis.eu

symplexis

Funded by the European Union. Views and opinions expressed are however those of the author(s) only and do not necessarily reflect those of the European Union or the European Education and Culture Executive Agency (EACEA). Neither the European Union nor EACEA can be held responsible for them. Grant agreement number: 20231DE02-KA220-VET000164590